**ЗАПИСНИК**
**од 71 (седумдесет и прва) вонредна седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 24 јули 2025 година (вторник)**

Седумдесет и првата (вонредна) седница на Советот на Општина Карпош се одржа на 24 јули 2025 година (среда), со почеток во 13.30 часот, во просториите на Универзитет Скопје.

Врз основа на евиденцијата, на почетокот Претседателот на Советот утврди дека на седницата присуствуваат 16 членови на Советот, според што Советот може да работи и полноправно да одлучува.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот: Зоран Краљевски, Убавица Игнатоска, Предраг Станковски, Адријана Јакимовска Панчевска, Александар Илиески, Благица Цветановска, Давор Грче, Владимир Бислимовски, Виолета Куновска, Александра Антевска, Наталија Спировска, Мартин Димоски, Бранко Ристов, Ивана Петковска, Невена Георгиевска и Татјана Стојановска.

Останатите членови на Советот на Општина Карпош се оправдано отсутни.

Претседателот на Советот Бранко Ристов, посочи дека по договор со членовите на Советот, по завршувањето на 70. (вонредна) седница се свикува и 71. (вонредна) седница.

- Усвојување на оправданоста за свикување вонредна седница

Претседателот отвори дискусија по оправданоста за свикување за 71.(вонредна) седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот го затвори претресоти ја стави на гласање оправданоста за свикување вонредна седница.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 16 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е изгласана оправданоста за свикување на 71.(вонредна) седница.**

Се премина на точките од

**ДНЕВЕН РЕД**

1. **Предлог – Одлука за одобрување финансиски средства како помош за санација на опожарена куќа на Исуф Ибраими**
2. **Предлог-Одлука за одобрување финансиски средства како финансиска помош за лице во социјален ризик**
3. **Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош - Скопје**

**1. Предлог – Одлука за одобрување финансиски средства како помош за санација на опожарена куќа на Исуф Ибраими**

Претседателот отвори расправа по предлог точката од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 15 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека е усвоена Одлуката за одобрување финансиски средства како помош за санација на опожарена куќа на Исуф Ибраими.**

**2. Предлог-Одлука за одобрување финансиски средства како финансиска помош за лице во социјален ризик**

Претседателот отвори расправа по точката од дневниот ред.

Зема збор членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска, која во однос на износто на финансиските средства предложи измена односно зголемување, но од Претседателот на Совет не беше поддржана и прифатена измената, бидејќи во Барањето поднесено за финансиска помош побарани се значително помали финансиски средства и смета дека овој износ е сосема доволен.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 16 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за одобрување финансиски средства како финансиска помош за лице во социјален ризик.**

**3.Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош - Скопје**

Претседателот отвори расправа по точката од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 16 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоено Решението за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош - Скопје**

По исцрпување на дневниот ред, Претседателот ја затвори 71. (вонредна) седница во 13.43 часот.

Изработил: Ј.Цветковиќ

**Број: 09-8571/7**
**Датум: 26.08.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА**
**Бранко Ристов**